# АДИНГФЛЕКС

*Еластична хидроизолација на акрилатна основа*
*Одговара на EN 1504-2: 2.2 (C); 8.2 (C)*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За изведба на еластична хидроизолација на делови од објекти изложени на позитивен хидростатски притисок, за изведба на надворешна хидроизолација на подземни бетонски конструкции, базени, балкони, рамни кровни тераси, санитарни јазли, кујни и сл. Исто така се користи како хидроизолација на делови од објектот, каде може да остане незаштитена од атмосферски влијанија. Може да се нанесува и врз битумен.

## СВОЈСТВА

- спремен за употреба;
- едноставна изведба;
- одлична еластичност на температура од -15°C до +60°C;
- заштита на бетонот од продор на вода и влага;
- отпорен на позитивен хидростатски притисок;
- одлична адхезија за подлогата;
- премостува микропукнатини;
- бактериолошки отпорен;
- UV стабилен;
- отпорен на мраз;
- не содржи хлориди
- може да се нанесува врз битумен.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | обоена пастозна смеса |
| Густина | EN ISO 2811-1 | 1,48-1,56 g/cm³ |
| Атхезија | EN 1542 | ≥1,5 MPa |
| Паропропусност | EN ISO 7783-1 | Sd<5m - класа I |
| Капиларна апсорпција и пропустливост на вода | EN 1062-3 | w<0,1kg/m² h½ |
| Атхезија при термички услови (циклуси на замрзнување и одмрзнување) | EN 13687-3 | ≥ 1,5MPa |
| Издолжување до кинење на температура од 20˚C | - | 100% |
| Реакција на пожар | EN 13501 | F |
| Температура при вградување | | од 5˚C-35˚C |
| Отворено време за работа | | 24h |
| Време на сушење при температура од 20˚C | | |
| површинско сушење | | 2-3h |
| целосно сушење | | 24-48h |
| Нанесување на следен слој на 20˚C | | 12h |
| Употреба | | по 7 дена |

ХИДРОИЗОЛАЦИИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлога за изведба на хидроизолацијата од Адингфлекс може да биде бетон, цементен малтер, гипс картонски плочи, подлога со постоечки битумен. Подлогата треба да биде здрава, сува, чиста, цврста, без пукнатини, лабилни делови, постоечки премази, маснотии и прашина. Влажноста на подлогата треба да биде помалку од 7%, а температурата од 5-35°C.

За изведба на хидроизолацијата на подни површини, потребно е претходно да се изведе подлога со пад, изработена од квалитетен цементен малтер, со цел да се овозможи компактна подлога.

При изведба на хидроизолацијата се препорачува кај конструктивните спoеви (хоризонтала и вертикала, под и ѕид) да се изведе заоблен премин (холкер) од Репаратур малтер Ф или спoевите да се бандажирааат со АДИНГ самолеплива бутилна трака, со цел да се премости спојот во случај на конструктивни поместувања.

Спoевите (прекините) при бетонирање, продорите од инсталациите, продорите од дистанцерите на оплатата и слично, потребно е да се обработат соодветно со Репаратур малтер Ф, АДИНГ самолеплива бутилна трака или со еластичен акрилатен кит Адингакрил, во зависност од деталот или условите на објектот.

Кај големи подни површини, каде хидроизолацијата треба да се изведе на цементна кошулка или на дополнителна бетонска плоча со пад, потребно е таа да се подели (исече) на работни полиња од 9-12m² (24h по вградувањето), а работните фуги да се исполнат со трајноеластичен кит или да се постави АДИНГ бутилна трака, со цел да се намали ризикот од непланирани пукнатини на подлогата, кои треба дополнително да се обработат.

При изведба на санации, потребно е да се отстранат сите лабилни делови и подлогата да се исчисти од сите нечистотии и прашина. Доколку конструкцијата има сегрегации и пукнатини, потребно е тие да се санираат со Ексмал, Репаратур малтер Ф, Адингпокс К, АДИНГ самолеплива бутилна трака или со еластичен акрилатен кит Адингакрил, во зависност од деталот или условите на објектот.

За нанесување на Адингфлекс врз подлога со битумен, потребно е истиот да биде стабилен, без пукнатини и да биде добро залепен за подлогата.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Адингфлекс се нанесува во три слоја со четка, ваљак или со распрскување. Подлогата на која се нанесува задолжително треба да биде сува, да нема кондензат и да има влажност помала од 7%. За нанесување на првиот слој, потребната количина Адингфлекс се разредува со најмногу 15% вода, по што материјалот се меша до воедначување со бавен електричен мешач (150-300 вртежи/min). Нанесувањето на следниот слој е на потполно сув претходен слој. Временскиот период помеѓу слоевите, на температура од 20°C е околу 12h. За нанесување на следните слоеви Адингфлекс се разредува со најмногу 8% вода, а правецот на нанесување треба да биде под 90° во однос на претходниот слој. Количината, која се разредува треба да биде соодветна за нанесување на еден слој врз површината за обработка. Температурата при вградување треба да биде од 5-35°C. По вградувањето обработените површини треба да се заштитат од врнежи, ветер и мрзнење во период од најмалку 48h.

При нанесување на Адингфлекс со распрскување, потребен е притисок од 300bar и распрскувач со дизна 6.45-8.45. Нанесувањето треба да се изведе на растојание од 20-30cm, нормално на подлогата, која се изолира.

Кај подлоги, каде се очекуваат големи деформации се препорачува помеѓу првиот и вториот слој од Адингфлекс да се вгради безалкална мрежичка со тежина од 45g/m². Поставувањето на мрежичката е врз свеж прв слој од Адингфлекс. Втиснувањето се изведува со глетарка. Со нанесување на вториот и третиот слој од хидроизолацијата потребно е да се исполни дебелината на мрежичката, со цел да се добие монолитна обработка на целата површина.

Доколку настане механичко оштетување на изведената површина, возможна е едноставна корекција со повторно премачкување на површината.

При експлотација на површините хидроизолирани со Адингфлекс, потребно е тие механички да се заштитат со тефонд, стиропор или цементен малтер кај подземните позиции, а кај надземните не е потребна дополнителна заштита, доколку се работи за сервисно користење на обработената површина.





ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

за три слоја: од 1,2-1,5kg/m²
за три слоја со безалкална мрежичка 45g/m² помеѓу слоевите: од 1,8-2,0kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употреба.

## ПАКУВАЊЕ

Пластична канта од 4 и 20kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5˚C до 30˚C, заштитен од директно сонце. Рок на употреба: 12 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
**2032**

**АДИНГ АД Скопје** Новоселски пат (улица 1409) бр.11, 1060 Скопје, Македонија

**17**

**2032 - CPR - 11.5C**

**EN 1504-2:2004**

**АДИНГФЛЕКС**

Премаз за изведба на високоеластична хидроизолација за површинска заштита на бетон и контрола на влага

| | |
|---|---|
| **Пропустливост на водена пареа** | **КласаI, $S_D$ < 5 m** |
| **Капиларна апсорпција** | **w < 0,1 kg/(m²h^0.5)** |
| **Атхезивна јакост со pull-off тест:** | **≥ 1,5 (1,0) MPa** |
| **Термичка компатибилност Дел 3 :** | **Јакост на врската по 20 циклуси мрзнење - одмрзнување** |
| **Термички циклуси без влијание на сол за одмрзување:** | **≥ 1.5 (1.0) MPa** |
| **Реакција на пожар** | **КласаF** |
| **Опасни супстанции** | **неопределено** |

<u>Опасност по здравјето</u>: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување. При ненадеен контакт на производот со кожата треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
<u>Пожар</u>: Адингфлекс е незапалив.
<u>Чистење и депонирање</u>: Неврзани остатоци од Адингфлекс се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.



ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

www.ading.com.mk